Архивски знак 0102
Рок на чување трајно
11-09. 2019 год.
Потпис

01-68/1
11-03. 2019

# ЈП Комуна-Крушево

Тел./Tel. +389 48 477 169
Факс./Fax +389 48 477 169
e-mail: komunakrusevo@yahoo.com
ул."Илинденска"бб-Крушево

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2018 ГОДИНА

## ВОВЕД

Јавното претпријатие за комунални дејности ЈП „Комуна" Крушево, е основано од Советот на Општина Крушево заради обавување на следниве дејности:

- собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење со изведување,одржување и реконструкција на водоводни инсталации и прехранбена вода;
- собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад;
- собирање и одведување на одпадни води со изведување,одржување и реконструкција на фекални и атмосферски инсталации;
- одржување на јавна чистота и зимско одржување;
- одржување и користење на паркови и зеленила;
- управување со градски гробишта;
- издавање и одржување на паркинг;
- одржување и користење на пазари и мало;
- изградба на објекти од ниско градба;
- изградба одржување и чистење на речни корита и
- поставување и одржување на јавно осветление

### I. Организациона поставеност

Согласно статутот на Јавното претпријатие деловната активност ја обавува преку следните сектори:

1. Сектор за заеднички служби

1.1 Одделение за општо правниработи и човечки ресурси

1.2 Одделение за сметководство и наплата

2. Технички сектор

2.1 Одделение за водовод и канализација

2.2 Одделение за собирање ,транспортирање и депонирање на отпад

2.3 Одделение за гробишта

## II. Техничка опременост

Јавното претпријатие располага со деловен фонд формиран со неговото основање ,доградуван односно намалуван со статутарните промени односно делбени биланси во изминатиот период ,при што во 2019 год.влегува со посочениот деловен фонд

1.Градежни објекти: канцелариски простории - дирекција деловен простор т.н. Цвеќара, магацински простории и гаражи и деловен простор коњушница со помошни простории.

-водоснабдителни цевоводи, резервоари,пумпни станици со пратечки објекти и пумпна станица во с. Норово како целина за водоснабдување на град Крушево.

-регионален водовод Бучин ,резервоари ,пумпни станици,цевоводи до населените места со пратечки ојекти.

## III. Транспортни средства

-Три транспортни возила,трактор со приколица за смет(1989г.2003г. и 2006г.)

-Патничко возило лада Нива за одржување на пумпни станици,резервоари,цевоводи (од 1990г а ремонтирано 2007г.)

-Погребално моторно возило лада Нива (1980г.)

-Моторно возило ФАП 13/14 (1981г.)

-Пежо 106 (доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС )

-Патничко возило NISSAN (доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС )

-Градежна машина , ICB (1990,доделено на користење со одлука на ЕЛС)

-Градежна машина ICB 3CX 14 MFWM (2016г. доделена на користење со одлука на ЕЛС)

-Вибрационен ваљак

-Камион за смет HYUNDAI HD 35 (2012 доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС)

- Половно моторно возило Фиат Панда 4x4 кое е набавено месец март 2018г.

## IV.Орема и ситен инвентар

Минимални за подршка и логистика на сите сектори

## V.Кадровска структура

Бројот на вработените со договори за работа во 2018 изнесува четириесет и два, распоредени согласно систематизацијата за работни места

Истовремено работно се ангажираа извршители за обавување на градежно земјени работи , занаетчиски и други услуги, со договор на дело .

## 1.Собирање,обработка и снабдување со вода

Заради подобрување на водоснабдувањето на градот и останатите населени места во период 2018 г.. планирани беа да се извршат следните инвестициони зафати:

1.Во соработка со Локалната смоуправа се изработи техничка документација за замена на
секунрадната мрежа во градот. Во 2016 се реализира дел од тој проект , а во 2018 не се реализира
заради измена и дополнување на проектот по барање ,односно укажување од Министерството за
транспорт и врски преку кое трба да се аплицира до Европска инвестициона банка.

2. За подобрување на водоснабдувањето во селата Врбоец ,Саждево и дел од Бучин (мало
Бучин) со цел да се елиминираат дивите приклучоци и се планираше спроведување на акција за
поставување на водомерите надвор од дворните места мегутоа и тоа не се реализира заради
недостаток на средства на ЈП и немаше подршка од ЕЛС.

3. За подобрување на водоснабдувањето во с.Саждево изработена е техничка документација
за доградба на цевковод од приклучна шахта до постоечка линиска шахта бр.1 во с.Саждево во
должина од 2331м, Ф90, 16 бари со цел полнење на постоечкиот резервоар со вода за пиење од
регионалниот систем Студенчица. Исто така не е реализирана во текот на 2018 година

Општина Крушево има поднесено апликација за финансирање на проектот со средства од
Европска инвестициона банка преку министреството на Транспорт и врски на РМ истата е одобрена
и ке се реализира се надеваме во текот на 2019 година.

4.Во с. Борино во 2018г. се започна со изградба на резервоар од 100м3.

5. Во текот на 2018 не се реализира и покрај интензивните напори и преговори со Општина
Македонски Брод проектот за подобрување на водоснабдувањето на град Крушево по
гравитационен пат од Бушова планина.

6.Во 2018 започна да се изработува проектот за изградба на резервоар од 100м3 за село
Белушино.

**2. Собирање и испуштање на отпадни води**

.Во 2018 год. се продолжи со одстранување на тесни грла во канализациониот систем,
реконструкција и одржување на шахти од атмосверска вода и канализациона мрежа за Крушево-
начин на финансирање сопствено учество.

Во текот на 2018 не се реализирани изградби на фекална канализација во селските населби
изработени се само проекти од страна на ЕЛС.

**3. Собирање и транспорт на комунален отпад**

Собирањето, транспортирањето на комуналениот и другиот вид на отпад во период 2018 се
одвиваше секојдневно два до три пати во текот на неделата согласно оперативниот план за
собирање и депонирање на комуналниот отпад

Од страна на ЕЛС во 2018 год се набави ново специјално возило за собирање на смет кое ќе
биде доделено на Ј.П. Комуна – Крушево и со негово пуштање во употреба ќе се зголеми
интензитетот на собирање на смет а со тоа значително се допринесе во подобрување на чистотата
во градот Крушево.

Во текот на 2018 г добивме донација на 200 пластични канти од 120 л кои беа поставени на
јавни површини и доделени поголемиот дел на граганите во градот.

Нови контејнери не се набавени затоа што немавме финансиски средства.

Одржување на чистотата во централното градско подрачје( плоштад ,парк,пазарот дел од
ул.Тодор Проески и сите улици кои гравитираат околу централното градско Подрачје)ќе се
одржуваше по програмата за јавна чистота донесена од страна на ЕЛС.

Одржување на чистотата на излетничките и историски места (Мечкин камен,спомениците на
култура и др.)како и одржување на паркови и зеленила ,ќе се обавува по програмата за јавна чистота
донесена од страна на ЕЛС.

Организиран беше собирање на секундарен отпад ,пластични шишина негово одвојување од
останатиот отпад и достава за рециклирање.

Собирање и транспорт на комунален отпад од другите населените места од Општина Крушево не се реализира во текот на 2018 г.

**3.1 Одржување на зелени јавни површини**

1.Одржувањето на чистота , хигиена на зелените јавни површини во централното градско подрачје и нивно редовно чистење и одржување по претходно утврдена програма од страна на Советот на Општина Крушево

**4. Управување на градски гробишта**

Во текот на 2018 г се вршеше редовно одржување и чистење на градските гробишта, Изработени се 18 нови гробни рамки, потпорен ѕид,дел од дотраени оградни ѕидови. Изработена е скица на едните гробиштата на ул Никола Карев за да може да се врши парцелизација на истите.

**5. Учество во јавни работи**

Јавното предпријатие и во текот на 2018г учествуваше во изведувањето на јавни работи во делот на изградба на локални патишта и пешачки патеки ) финансирано од ЕЛС на општина Крушево .

Изградени се вкупно 3500м2 локални патишта и улици во Крушево ,с Алданци и С.Саждево останатите населени места на општината и тоа:

1700 м2 кои беа финансирани од ЕЛС и

1800 м2 делумно финансирани од ЈП „ Комуна " со донирани бехатон плочки.

Во изведување на горе споменатите јавни работи ќе се ангажираа

1.Постојните вработени

2.Работници во обем и време кога за тоа ке има потреба од работа со договор на дело.

Исто така ЈП интензивно учествуваше во чистење на одводни канали и речни корита во Општина Крушево во должина од 8 км и тоа кај с.Саждево, с.Борино с.Норово и с.Алдаци и делумно с. Врбоец

**6.Финансиско работење и работа од областа на одделение за општо правна служба**

Целокупното финансиско материјално работење на ЈП се заснова на целокупната законска регулатива важечка за 2018 г.што ја третира целокупната проблематика околу обавувањето на дејностите на ЈП.

Посебен пристап се стави на

-Наплатата и побарувањата кои ги има ЈП од корисниците на услуги која представува важен фактор во одржување на ликвидноста и целокупната финасиска поставеност на ЈП

-Зголемена кампања кон сите крисници заради осознавање на корисниците на наши услуги дека секоја дадена услуга представува обврска за подмирување и плакање на истата.

-Подобрување во целост на услугите на ЈП кон нашите корисници со цел нашите корисници без примедби,забелешки ги подмируваат обврските на ЈП

-Потпишување на спогодби со корисниците за одложено плакање на заостанати обврски

-Перманентно ,редовно опоменување на корисниците

-Присилна наплата со утужување на корисниците

-Ажурирање на корисници на комунални услуги.

6.1.Исплата на обврски

Во деловната 2018 г. ЈП водеше сметка за редовно сервисирање на заостанатите обврски према нашите доверители ЕВН,ЕЛЕМ, ЈП „ Студенчица“ при што приоритет имаа тековните обврски.

6.2. Исплата на плати

Платите и обврските од плати беа подмирени во целост во 2018 г. Исплатен беше и регрес за годишен одмор од 10.000 ден .

**РЕЗИМЕ**

Земајќи ја во предвид програмата за работа и финансискиот план, ЈП „Комуна“ Крушево во своето целокупно работење во тековната 2018 година делумно ја реализира програмата за работа, најмногу оваа година се насочи кон учество во јавни работи.

Билансот на успех заклучно со 31.12.2018 година покажува негативен финасиски резултат од работењето,односно загуба од 715.888,00 ден. што значи трошоците направени во извештајниот период се повисоки од приходите. Трошоците во оваа година се поголеми од предходната заради зголемени трошоци за материјали заради наше сопствено учество во јавни работи,трошоци за плати заради поголем ангажман на работници со договор на дело и наградување на постојаните вработани за поголем ангажман при работењето. ЈП „Комуна“ Крушево во соработка со Градоначалникот на Општина Крушево ќе се залагаат за подобрување во нагорна линија на работа на претпријатието и постигнување на подобри резултати.

Крушево, 11.03.2019 година

ЈП „Комуна“ Крушево

Директор
Наум Илиески